**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД**
**Су.бр. 01-5/11**
**14.02.2011 год.**
**К Р У Ш Е В О**

***ДО***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***КОПИЕ ДО:***
***- РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- ВРХОВЕН СУД НА***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- АПЕЛАЦИОНЕН СУД***
***Б И Т О Л А***

*ПРЕДМЕТ: Достава на Годишен извештај за работа на Основен суд Крушево за 2010 година*

*Во прилог на овој допис Ви го доставувам Годишниот извештај за работа на Основен суд Крушево во 2010 година*

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Благоја Бошкоски**

**О С Н О В Е Н  С У Д  К Р У Ш Е В О**



# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ВО 2010 ГОДИНА**

*Крушево, февруари 2011 година*

## В О В Е Д

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, која ја извршуваше согласно чл.30 и 31 од Законот за судовите објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 58/06 и постапуваше по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општината Крушево и при тоа настојуваше да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

Во 2010 година Основниот суд во Крушево работеше на решавање на предметите кои останале нерешени од минатата година по сите видови и ново примени предмети во тековната година.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на овој суд во 2010 година по оддели и поединечно по судии што ќе даде сеопфатна слика за севкупната ангажираност за секој судија поединечно.

Во извештајниот период судот настојуваше судската власт да ја остварува законито, професионално, чесно и објективно, настојуваше да се подобри квалитетот и квантитетот на работењето, настојуваше да ја зголеми експедитивноста воопшто, а со тоа да ја зголеми вербата на граѓаните во судот и да го зголеми својот афторитет пред странките воопшто.

Судскиот колегиум одржуваше редовни состаноци на кои се разгледуваше извештајот за работата за претходниот месец, а исто така според потребите одржуваше и вонредни состаноци на кои посебно беше разгледувана состојбата со старите предмети, давајќи приоритет на истите, бројот на нерешените предмети како и итните предмети предвидени со Законот за судовите. Воопшто на сите судски состаноци се настојуваше да се обезбеди експедитивност во постапувањето, стручност, совесност и судење во разумен рок.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основниот суд Крушево за 2010 година преку прикажување на податоците за заостатокот на предметите во 2009 година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа кој што се состои од решени и нерешени предмети за секој судија поединечно и на ниво на судот.

Понатаму во извештајот ќе биде прикажан остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајната година како и табеларно прикажување на работата на судот со оценка за севкупната ангажираност на судот и поединечно за секој судија. Генерално во овој

извештај ќе бидат опфатени следните аспекти: прилив, обем на работа и решени предмети, ажурност на судот, квалитет на работа, работната ангажираност на секој судија поединечно, ќе бидат прикажани просторните, кадровските и материјалните услови во судот со предлози за нивно подобрување, ќе биде прикажана соработката со другите органи и судови и слично.

*ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО СИТЕ ВИДОВИ ВО 2010 ГОДИНА*

Во текот на 2010 година судот прими 2280 предмети -150 предмети повеќе од претходната година кога судот имаше примено 2130 предмети.

Со остатокот на нерешени предмети од претходната година кои вкупно изнесуваа 2917 предмети, вкупно во работа беа 5197 предмети, или 22 предмети повеќе во работа во однос на претходната година.

Во 2010 година судот реши 2249, а како нерешени предмети останаа 2948 предмет.

Судот решавајќи 2249 предмети во однос на претходната година тоа значи за 55 повеќе кога беа решени 2194 предмети, а по однос на нерешените предмети а тоа се 2948 решил 33 помалку во споредба со претходната година.

Од горните показатели следува дека судот со ново примените предмети 2280 и решените 2249 не го совладал тековниот прилив за 31 предмет, но ова исклучиво се должи на остатокот на нерешени оставински предмети и тоа 63, предмети во работа на Нотар, што значи дека по предметите на судот совладан е тековниот прилив.

**вкупно предмети во работа**



## ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ПО ОДДЕЛИ

### *А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

Во текот на 2010 година судот прими 930 предмети или 50 предмети помалку во споредба со 2009 година кога беа примени 980.

Со остатокот од 233 предмети од претходната година вкупно во работа биле 1163 предмети при што судот решил 851 предмет, а како нерешени останале 312 предмети или 79 предмети повеќе, и кое исклучиво се должи на предметите за извршување на прекршочните санкции.




Следниот преглед го дава движењето на предметите во кривичниот оддел поодделно со следната констатација.

По истрагите, истражните дејствија и замолниците работел истражниот судија Кочо Ѓоргиоски, Кривичниот совет го водел судијата Домника Зерде Курета, по кривичните предмети за полнолетни лица работел Претседателот на судот – судијата Благоја Бошкоски, а воедно Претседателот на судот работел и по извршувањето на кривичните, прекршочните и извршување на затворските предмети.

Во овој оддел – предметите кои се однесуваат на истрагите, истражните дејствија, разните кривични дејствија, замолниците и Кривичниот совет од вкупно 90 предмети во работа решени се 79, нерешени 11, сите се од тековната година.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица каде работел судијата Благоја Бошкоски 4 предмети биле по жалба, 2 предмети се потврдени или 50%, 2 предмети се укинати или 50%.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица каде вкупно во работа биле 37 предмети кај решените 32 предмети постапката во 24

предмети траела до 3 месеци, во 7 предмети од 3-6 месеци и во 1 предмет од 6 месеци до 1 година.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица од нерешените 5 кривични предмети 4 се од тековната година, а само 1 предмет е од претходна година, и по кој предмет по замолен пат од друга држава се чека соодветно известување.

Кај прекршочните предмети видно од сумарниот преглед примени биле 528, па со остатокот од 18 предмети од претходната година вкупно во работа биле 546 предмети, решени се 519, нерешени 27 предмети и по кои предмети работел Претседателот на судот Благоја Бошкоски и судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета.

Кај прекршочниоте предмети треба посебно да се нагласи дека во 90% од предметите се предмети каде како подносител се појавува Министерството за земјоделие и шумарство така наречени шумски прекршоци и по кои предмети се води едноставно така наречена редовна кривична постапка.

Во прекршочниот оддел од вкупно решените 519 предмети во 58 предмети била поднесена жалба при што потврдени биле 23 предмети или 40%, преправени 15 или 26% и укинати 20 или 34%.

Овде посебно треба да се нагласи дека кај овој вид на предмети кај преправените предмети истите се преправени само по однос на одлуката на казната, така да кога би се сублимирале потврдените и преправените предмети тоа би бил процент од 66% со укинати 20 предмети или 34% па судот смета дека квалитетот во решавањето на овој вид на предмети е задоволителен.

Кај овие предмети решавањето на истите по судии е како што следува:

- Претседател на суд Благоја Бошкоски:

  -Вкупно во работа имал 174 предмети, решени 170, нерешени 4

  - по жалба биле 23 предмети и тоа:
    - потврдени 11 или 48%,
    - преправени 6 или 26%,
    - укинати 6 или 26%.

- Судија Домника Зерде Курета
- Вкупно во работа 192 предмети, решени 186, нерешени 6
- по жалба биле 18 предмети и тоа:
  - потврдени 7 или 39%
  - преправени 4 или 22%
  - укинати 7 или 39%
- Судија Сика Меле
- Вкупно во работа 180,решени 163,нерешени 17 предмети
- по жалба биле 17 предмети и тоа:
  - потврдени 5 или 30%

- преправени 5 или 30%
- укинати 7 или 40%

Кај предметите за извршување на санкции работел Претседателот на судот при што судот примил 320 предмети, па со остатокот од претходната година од 207 предмети вкупно во работа биле 527 предмети, решени се 253, а како нерешени 274 предмети, и кај овој вид на предмети во 90% се работи за нерешени предмети од извршувањето на прекршочните санкции.

<u>*Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*</u>

Во текот на 2010 година судот прими 1041 предмет или 274 предмети повеќе во споредба со претходната година кога биле примени 767 предмети.

Вкупно во работа со остатокот од претходната година од 2684 предмети биле 3725 предмети од кои решени 1089, а нерешени 2636 предмети или намалена е бројката на нерешени предмети во споредба со претходната година за 49.

**предмети во работа - граѓански оддел**




Во граѓанскиот оддел по граѓанските и вонпарничните предмети постапувле судиите Домника Зерде Курета и Сика Меле, а по извршните предмети судијата Кочо Ѓоргиоски.

Од решените 135 граѓански предмети по жалба биле 35 предмети при што 12 предмети се потврдени или 34%, 9 предмети се преправени или 26%, а 14 се укинати или 40%, при што судот не може да биде задоволен од квалитетот на решавањето на овој вид на предмети односно процентот на потврдени и преправени да изнесува 60% а укинатите предмети 40%, што значи во иднина судот во овој вид на предмети ќе треба да го зголеми процентот на потврдени за сметка на укинати предмети.

По судии и по предмети состојбата е следната:

Судијата Домника Зерде Курета од граѓанските предмети вкупно во работа имала 117, решила 76 а како нерешени останале 41.

Од решените 76 предмети со пресуда решени се 42, со спогодба 4, на друг начин 30.

По жалба биле 17 предмети од кои 9 потврдени или 53%, укинати 6 или 35%, преиначени 2 или 12%.

Судијата Сика Меле вкупно во работа имала 106, решила 59, како нерешени останале 47.

Од решените 59 со пресуда решени се 28, со спогодба 2, на друг начин 29.

По жалба биле 11 од кои потврдени 5 или 45%, укинати 5 или 45%, преиначени 1 или 10%.

Времетраењето на постапката кај граѓанските предмети и тоа од решените 135 предмети во 45 предмети постапката траела до 3 месеци, во 48 предмети постапката траела од 3-6 месеци, во 32 предмети постапката траела од 6 месеци до 1 година и во 10 предмети постапката траела над 1 година.

По однос на нерешените 95 граѓански предмети треба посебно да се нагласи дека 80% од овие предмети се предмети кои стигнале во последните два месеци од тековната година што значи дека немало објективни причини за нивно решавање.

Од нерешените 95 граѓански предмети 84 предмети се од тековната 2010 година, 6 предмети се од 2009 година, а 1 предмет е од 2007 година каде што е донесена делумна пресуда и истиот се наоѓа на решавање по ревизија во Врховен суд на Република Македонија.

По однос на извршните предмети по кој постапувал извршниот судија Кочо Ѓоргиоски состојбата е следната:

нерешени биле 2635 предмети, примени нови предмети нема, решени се 165, а како нерешени останале 2470 предмети. И кај овие предмети – нерешените 2470, 90% од предметите се по барање на доверител ЕВН Македонија и Македонски телекомуникации.

Од табеларниот приказ за остатокот на извршните предмети состојбата по години е како што следува:

- до 2002 година се 98 предмети
- 2003 – 112
- 2004 – 538
- 2005 – 962
- 2006 – 756
- 2008 – 1
- 2009 – 3 предмети

Кај оставинско и вонпроцесни предмети состојбата е како што следува:

Нерешени од претходна година 27, примени 471, вкупно во работа 498, решени 427, нерешени 71 предмет.

Кај овој вид на предмети само нерешените оставински предмети се на број 63 или остатокот на другите предмети од вонпроцесна природа се 8.

Кај оставинските и вонпроцесните предмети по судии состојбата е следна:

Судија Сика Меле

останати од претходна година 5
примени 27
вкупно во работа 32 предмети
решени 29
нерешени 3 предмети

Судија Домника Зерде Курета
останати од претходна година 2
примени 6
вкупно во работа 8
решени 3
нерешени 5

Судијата Благоја Бошкоски како Претседател на суд примил 244, решени 244 предмети.

Постапувал по 12 предмети ППНИ - приговори по работа на извршителите и сите се решени.

РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ НА
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Претседателот на судот вкупно во работа имал 1302 предмети и тоа како што следува:

- 37 кривични предмети
- 174 прекршочни предмети
- 47 извршно кривично – извршување на парични казни
- 444 извршни прекршочни
- 36 затворски предмети
- 12 ППНИ
- 71 Р
- 172 ЗАВ – апостиле
- 309 административна работа




Решил 1018 предмети и тоа како што следува:

- 32 кривични предмети
- 170 прекршочни
- 15 извршно кривично – извршување на парични казни
- 233 извршно прекршочни
- 5 затворски предмети
- 12 ППНИ
- 70 Р
- 172 ЗАВ – апостиле
- 309 администриоативна работа

Нерешени 284 предмети и тоа како што следува:

- 5 кривични
- 4 прекршочни предмети
- 32 извршно кривично- извршување на парични казни
- 211 извршно прекршочни
- 31 затворски
- 1 –Р

Секоја недела во месецот Претседателот на судот одржува по три стручни колегиуми.

Претседателот на судот во текот на годината присуствува на состаноците организирани од страна на Претседателот на Апелационен суд Битола, така да во тековната 2010 година такви состаноци беа одржани 8.

Воедно непосреден контакт со Претседателот на повисокиот суд 10 средби.

Во тековната година одржани беа 5 поединечни состаноци на Претседателите на судовите од Апелационото подрачје со претставниците на Електростопанство на Македонија.

Присуство на Претседателот на судот на организираните едукативни средби од Академијата на судии и јавни обвинители.

Организирани 5 средби во Основен суд Крушево со Полициска станица Крушево и Јавното претпријатие за шуми – ПШС „Липа“ Крушево.

Организирани 4 работни средби со Јавното комунално претпријатие „Комуна“ Крушево.

Организирани 8 средби со Раководителот на Шумската полиција за подрачјето на Основен суд Крушево.

Одржани средби по закажани состаноци на Врховен суд на Република Македонија и Министерот за правда – работни средби вкупно 8.

Работни средби во Судски совет на Република Македонија за имплементација на АКМИС програмата - 4.

Во текот на 2010 година заклучно со месец октомври Претседателот на судот беше член на Советот за судска служба и присуствуваше на 8 работни средби, 2 тродневни семинари, беше член на Комисија за прием на вработени во Основен суд Битола, Дебар и Гостивар по тридневни состаноци.

Ги донесуваше Одлуките за спроведување на Законот за јавни набавки со комплетно учество за нивно законито реализирање.

Одржани средби од стручен карактер со Претседателите на Основен суд Прилеп и Основен суд Битола како поблиски судови посебно со посета на извршните одделенија и конкретната работа по предмети.

Кога би се анализирале горните показатели за работа на судот во целина и на секој од судиите тука сметајќи го и Претседателот на судот и врз основа на Одлуката за ориенатационите норми за работа по конкретни предмети кај судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета врз основа на решените предмети од разните области просек на работа по норма од 6 месеци, кај Претседателот на судот просек на работа од 9 месеци, а кај извршниот судија Кочо Ѓоргиоски просек на работа 3 месеци.

При анализирањето на горните показатели треба посебно да се нагласи дека судиите во Основен суд Крушево работат по различни материи односно судиите Сика Меле и Домника Зерде Курета покрај работата по граѓански предмети работат по вонпарнични предмети, работат по прекршочни предмети односно работат по различна материја односно од граѓанско правна и кривично правна материја.

## *<u>РАБОТА ПО ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ</u>*

Во текот на 2010 година судот нема примени ниту една преставка ниту поплака за работењето по конкретни предмети од која и да било природа, со тоа што во текот на целата година Претседателот на судот неделно врши прием со странки, што најверојатно придонесе одредените укажувања Претседателот на судот да ги разгледува на стручен колегиум, и тоа најверојатно придонесе одредени проблеми да

се решаваат тековно односно да нема писмени поплаки и преставки по конкретни предмети.

*ПОПОЛНЕТОСТ НА СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА*

Согласно Правилникот за систематизација на работните места донесен во 2002 година во Основен суд Крушево предвидени се 28 работни места, несметајќи ги судиите (вкупно 4 заедно со Претседателот на судот), од кои предвидени работни места пополнети се 22 помошен персонал и судска полиција или вкупна пополнетост од 82%.

Не и извршено пополнување на следните работни места: 2 судски помошници, 2 технички секретари на судија – дактилографи, 1 судски полицаец, 1 одржувач на парно греење.

Не е пополнето местото за петти судија во Основен суд Крушево, односно Основниот суд Крушево во текот на 2009 и 2010 година работата ја извршуваше со 4 судии сметајќи го и Претседателот на судот.

*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Анализирајќи ја севкупната работа на судот за 2010 година може да се констатира зголемен прилив на примени предмети и тоа за 150 предмети, при што судот по однос на предметите што се во негова надлежност го совладал приливот и го намалил заостатокот, а статистички зголемениот остаток на предмети е исклучиво само по однос на оставинските предмети кои како остаток се 63 по кој не постапува судот.

Воедно како што е наведено во самиот извештај зголемениот заостаток на нерешени граѓански предмети од 95 предмети се должи на приемот на повеќе од 90% на овие предмети во последните два месеци од тековната година што е од објективна природа односно краток временски период од приемот до завршувањето на извештајната година за завршување на овој вид на предмети.

Анализирајќи ја севкупната состојба во работата фактички и оваа година судот сметајќи го целокупното работење работел добро, стари нерешени предмети како од кривичната така и од граѓанската област нема, а гледајќи го и времетраењето на постапката овие предмети судот навремено и ажурно ја извршувал својата работа.

Кај овој вид на предмети покрај ажурното работење по истите, сметајќи го тука времетраењето на постапката одлуките се донесувани во законски предвидениот рок.

Со овој извештај посебно се дава анализа на извршните предмети, со неспорната констатација дека 90% од овие предмети се од областа каде како доверители се јавуваат Електростопанство на Македонија и

Македонски телекомуникации, па сметајќи го периодот кога судот не постапува по овие предмети, и после донесената Одлука овие предмети повторно да бидат работени од страна на судот сметано од шести месец 2010 година судот реши 165 предмети согласно временските услови, местоположбата, што незначи дека во наредната година овој број на предмети да се намали во разумна бројка.

Судот дава посебна анализа и на предметите кои биле во жалбена постапка како во кривичната така и во граѓанската но и во прекршочната област при што иако во сите области има намалување на квалитетот поради бројот на обжалените одлуки не може да се даде сеопфатна оценка дека квалитетот не е добар.

Нормално заложба ќе биде на судот во наредната година квалитетот во решавањето на предметите независно од нивниот број во целина да се подобри.

Нормално е како и секоја година да се скратува време траењето на постапката односно странките што е можно побрзо да ги остваруваат своите права.

Воедно судот укажува дека во сумарниот преглед за движење на предметите во 2010 година кај остатокот на нерешени предмети од 2009 година наместо бројката 2981 треба да стои бројката 2917 од причина што со усогласувањето на предметите со АКМИС програмата се јави разлика на погрешно запишани прекршочно извршни предмети на кој начин се усогласи фактичката со стварната состојба на предметите, или поточно кажано разликата е за 64 предмети – извршно прекршочни предмети.

Заради надминување на заклучните состојби би било потребно да се превземат следните мерки:

- Да се изврши вработување на двајца судски помошници;
- Да се изврши вработување на двајца технички секретари на судија –дактилографи;
- Да продолжи започнатиот процес на едукација како на судскиот кадар така и на останатите вработени во Основниот суд Крушево.
- Да се направат напори преку повисоките правосудни органи и Министерство за правда на Република Македонија да се пополнат слободните работни места во судот предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места.
- Во работата по извршните предмети да продолжи извршувањето во наредниот период со тоа што да се интензивира работата по овие предмети и истите да се сведат во една разумна бројка.

Составен дел на овој годишен извештај претставува сумарниот преглед за движење на предметите како и сумарниот електронски преглед по АКМИС програмата.

*Крушево, февруари 2011 година*

*ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО*
*Претседател,*
*Благоја Бошкоски*



# П Р И Л О Г
## ТАБЕЛА – ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО | | | | Нерешени предмети на почеток на годината | Ново примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Истраги – основна надлежност | 1 | 4 | 5 | 4 | 1 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Истражни дејствија – О.И.Д. | | 18 | 18 | 18 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | | Основна надлежност | 5 | 32 | 37 | 32 | 5 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Разни кривични дејствија | | 11 | 11 | 11 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Замолници | | 5 | 5 | 4 | 1 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Кривични предмети | Кривичен совет - Претседател | 2 | 12 | 14 | 10 | 4 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Кривични малолетни | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | ***Вкупно*** | 8 | 82 | 90 | 79 | 11 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | Прекршочни предмети | 18 | 528 | 546 | 519 | 27 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Извршни кривични парични казни | 20 | 27 | 47 | 15 | 32 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Извршни прекршочни парични казни | 153 | 291 | 444 | 233 | 211 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | К.У.И.К.П. Затворски предмети | 34 | 2 | 36 | 5 | 31 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | | Мерки на безбедност | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | ***Вкупно извршни предмети*** | 207 | 320 | 527 | 253 | 274 |
| ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | | | 233 | 930 | 1163 | 851 | 312 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Спорови од мала вредност | 4 | 60 | 64 | 37 | 27 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Имотни спорови – основна надлежност | 16 | 45 | 61 | 42 | 19 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Семејни спорови | 2 | 15 | 17 | 16 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Работни спорови | | 81 | 81 | 40 | 41 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Трговски спорови | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Платни налози | | 361 | 361 | 361 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Платни налози по приговор | | 8 | 8 | 1 | 7 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | Стечај | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | ***Вкупно*** | 22 | 570 | 592 | 497 | 95 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | **Извршни предмети** | 2635 | | 2635 | 165 | 2470 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | П.П.Н.И. | | 12 | 12 | 12 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Разни граѓански предмети “Р“ | | 71 | 71 | 70 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ - С | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ – Х Апостили | | 172 | 172 | 172 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | ЗАВ НД | | 9 | 9 | 9 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Замолници | | 5 | 5 | 5 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Оставина | 20 | 197 | 217 | 154 | 63 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Физичка делба | 4 | 1 | 5 | 3 | 2 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | | Останати ВПП предмети | 3 | 4 | 7 | 2 | 5 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | *Вкупно* | 27 | 471 | 498 | 427 | 71 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | 2684 | 1041 | 3725 | 1089 | 2636 |
| Административна работа на судот | | | | | 309 | 309 | 309 | |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | 2917 | 2280 | 5197 | 2249 | 2948 |